Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина(„Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 123/12 и 93/13) **Градоначалник на Општина Аеродром – Скопје** на ден 30.04.2015 година донесе

# Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Детален урбанистички план за четврт ЈИ 04** плански период 2014-2019 година кој се носи согласно Програма (Ф) урбанистичко планирање и уредување на просторот на општина Аеродром за 2014 година, Подпрограма „Ф1“ урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Аеродром-Скопје за 2014 година бр. 07- 480/62 од 06.12.2013 година „Сл гласник 20/13“, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Аеродром- Скопје.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за четврт ЈИ 04, плански период 2014–2019 година нема да има влијание врз животната средина од следните причини: имајќи ги предвид сите просторни, технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор, со намена, се исти како и постојните функции и намени, како и фактот дека за околните Детални урбанистички планови претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животна средина и на просторот во непосредната околина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Аеродром**

30.04.2015 год.
Скопје